**Образец бр.1**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на Закон за изменување и дополнување на Закон за животна средина |
| Министерство: | Министерство за животна средина и просторно планирање |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Јадранка Иванова, Раководител на сектор за ЕУ |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | 29.12.2009 |
| Поврзаност со ЕУ директиви | Директива за стратешка оцена на влијанието врз животната средина 2001/42/ЕК |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

**А. Почетна проценка на влијанието на регулативата**

1. **Кои се главните проблеми?**
   - Потреба од проширување и подобрување на правните основи за донесување на подзаконските акти заради понатамошно усогласување на законодавството со она на ЕУ.
   - Потреба од имплементирање на начелото молчење на администрацијата согласно измени и дополнувања на Законот за општа управна постапка.
   - Потреба за промена на надоместокот за возила согласно Законот за возила.

   Можно е решавање само со регулаторни мерки преку задолжителни стандарди. Решавање преку не-регулирани (доброволно) или само-регулирани методи (контрола од соодветно професионално здружение / комора) нема да ги дадат неопходните ефекти и може да доведат до нарушувањето на пазарот

2. **Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?**

   При разгледувањето на регулативата разгледани се три опции:
   - ***Опција 1:*** Не прави ништо. Да не се донесе Законот за измени и дополнувања на Законот за животна средина.

- ***Опција 2:*** Донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина само во делот на усогласување со Дриективата 2001/42/ЕЦ
- ***Опција 3:*** Донесување на Законот за изменување и дополнување на Законот за животна средина со кој ќе се прошири правниот основ за донесување на подзаконски акти и ќе се преуреди начинот на наплата на надоместокот за возила.

3. **Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?**

   А. бизнис субјектите во следниве категории:

   - Стопанските комори во Република Македонија

   Б. Органи на државната и локалната власт:

   - Министерство за животна средина и просторно планирање,
   - Министерство за економија,
   - Министерство за правда,
   - Министерство за одбрана,
   - Министерството за финансии,
   - Министерството за внатрешни работи,
   - Едиците на локалната самоуправа

   Ц. Јавноста:

   - Граѓаните,
   - НВО
   - Авто Мото Сојуз на Амекдонија
   - Здружение на возачите на Македонија

   Консултациите по опциите и текстот на законот ќе се спроведуваат во текот на целиот процес на ПВР.
   Јавни консултации по текстот на законот ќе се реализираат преку соодветни јавни консултации според Уредба за учество на јавноста во текот на изработката на прописи и други акти, како и планови и програми од областа на животна средина (Службен весник на Република Македонија бр 147/08).

**Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата**

1. **Кои информации и податоци се веќе достапни?**

   Достапни се следните податоци:

   - начинот на наплата на надоместокот за возила од член 180 од Законот за животна средина

   - недоволната правна рамка за донесување на подзаконски акти согласно ЕУ законодавството

   - непостоење на дефиниции што произлегуваат од Директивата 2001/42/ЕЦ

2. **Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?**
   Потребни се следните податоци:
   - податоци за број на возила кои годишно се регистрираат во РМ,
   - податоци за бројот на возила кои транзитираат низ РМ,
   - степен на наплата на надоместокот за возила според сегашнито систем од член 180 од Законот за животна средина
   - проблемите со кои се соочуваат граѓаните при наплата на надоместокот за возила од член 180 од Законот за животна средина

   Податоците ќе се обезбедат преку институциите и субјектите кои се вклучени во работната група за проценка на влијанието на регулативата. Примарен извор на официјални податоци ќе биде Државниот завод за статистика, ресорните министерства и други органи и АМСМ и Здружението на возачи.

3. **Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?**

   Ќе се спроведе иницијална проценка на влијанието на регулативата.

4. **Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?**

   Не, од причини што промените на законот не се од суштински карактер и консултациите можат да се спроведат преку формални и неформални состаноци со засегнатите страни.